Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	МОБИЛНИ ПРОТЕТИЧКИ РЕСТАВРАЦИИ НАД ИМПЛАНТИ			
2.	Код	ДССП11			
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за стоматолошка протетика			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Одговорен наставник: Проф. Д-р Јадранка Бундевска Проф. Д-р Сашо Еленчевски, Проф. Д-р Сања Панчевска, Проф. Д-р Надица Јанева, Проф. Д-р Благоја Даштевски			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на оваа предметна програма** е да им овозможи на студентите темелно познавање на принципите и постапките за изработка на мобилни имплант-поддржани протетички надоместоци, вклучувајќи ги аналогните и дигиталните протоколи на дијагностика и изработка. Студентите ќе се стекнат со знаење за планирање и спроведување на третман кај тотално беззабни пациенти, избор и примена на ретенциони елементи и дизајн на имплант-поддржани покровни протези.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1. Поглавје - Вовед и Протоколи за Планирање и Дизајн на Мобилни Имплантни Покровни Протези Вовед во мобилни имплантни покровни протези: дефиниција и индикации за имплантни покровни протези, класификација; Стратегии за третман и број на импланти за тотално беззабна мандибула и максила; Насоки за изработка на мандибуларна и максиларна имплантна покровна протеза: предности и недостатоци ..... 5 часа Аналогни дијагностички постапки при планирање на имплантна инсерција за изработка на мобилни протетички надоместоци над импланти; дијагностички модели, одредување на меѓувиличен сооднос, избор на артикулатор, оклузална шема ..... 5 часа Изработка на восочна дијагностичка проба (wax-up) кај тотално беззабни протези за планирање на број, позиција и ангулација на импланти; Радиографски шаблони, техника на двојно скенирање со CBCT или CT, хируршки шаблони ..... 5 часа Дигитален протокол за протетички водено планирање на имплантна инсерција и изработка на хируршки шаблони за мобилни протетички надоместоци ..... 5 часа Техники на изработка на привремени имплант-поддржани протези за тотално беззабни пациенти – аналогна и дигитална техника			

		..... 5 часа *Резултати од 1 поглавје:* Студентот ќе се запознае со основните концепти и протоколи за планирање и дизајн на мобилни имплантни покровни протези, како и со техниките за изработка на привремени мобилни протези кај тотално беззабни пациенти. Резултатот од учењето ќе биде способност за примена на аналогни и дигитални протоколи за планирање на имплант-поддржани мобилни протетички надоместоци. 2. Поглавје - Клинички и Лабораториски Протоколи за Изработка на Имплант-Покровни Протези Планирање на третман за изработка на дефинитивна имплант-поддржана протеза: избор и споредба на ретенциони елементи во однос на долготрајност, ретенција и задоволство на пациент ..... 5 часа Клинички и лабораториски фази за изработка на дефинитивна мобилна имплант-поддржана протеза – аналоген протокол ..... 5 часа Клинички и лабораториски фази за изработка на дефинитивна мобилна имплант-поддржана протеза – дигитален протокол; ограничувања на дигитален протокол за мобилни имплант реставрации ..... 5 часа Приказ на случаи и преглед на литературата за протетички водена имплант инсерција ..... 5 часа *Резултати од 2 поглавје:* Студентот ќе научи како да планира и изработи дефинитивна имплант-поддржана мобилна протеза, користејќи аналогни и дигитални протоколи, со фокус на избор и споредба на ретенциони елементи. Резултатот од учењето ќе биде способност за интегрирање на клинички и лабораториски постапки за креирање на функционални и естетски имплант-покровни протези. Вкупно.....45 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Новини во планирањето на имплант-протетичката терапија со акцент на 3Д визуелизацијата		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), <u>семинари, тимска работа</u>: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		40
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и		20

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">усна: бодови</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>19.3.</td><td colspan="3">Завршен испит: бодови</td><td>40</td></tr>
<tr><td>20</td><td colspan="2">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 93 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.</td></tr>
<tr><td rowspan="10">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.1.</td><td colspan="4">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Carl E. Misch</td><td>Dental Implant Prosthetics, Second Edition</td><td>Elsevier, Mosby</td><td>2015</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Stefanos Kourtis</td><td>Introduction to Implant Prosthodontics
A case-based Clinical Guide</td><td>Kallipos, Open Academic Editions</td><td>2022</td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.2.</td><td colspan="4">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>